***Дата:*** *Јули, 2020 година*
***Автори:*** *Александар Костадинов, Наташа Димова*
**PDF:** 2020-izborni-programi-ekonomija.pdf




Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во март 2020 г. започна повеќе активности за вонредните парламентарни избори во рамките на проектот Мојот избор. Активностите вклучуваат испитување на јавното мислење, набљудување на изборните програми и кампањи, на медиумите, на изборната администрација и на денот на гласањето.

Во овој извештај е презентирана квантитативна и квалитативна анализа на програмите на политичките партии за вонредните парламентарни избори во 2020 г. од аспект на предлози и решенија за економијата.

Во анализата се вклучени програмите на оние политички партии кои доставиле или објавиле програма за изборите. Програмите на политичките партии кои беа доставени или објавени на албански јазик, беа преведени на македонски јазик и потоа анализирани.

Во овој документ се претставени резултатите од спроведената анализа и заклучоците кои произлегуваат од неа.

Дел од резултатите од квантитативната анализа се претставени графички преку графикони и/или табели, а се користат и апсолутни бројки и проценти.